# НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ

# 2017 ГОДИНА

## ФОНДАЦИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА – ШТИП

Фондацијата за развој на локалната заедница – Штип е непрофитна и невладина организација, формирана во декември 2006 година, како правен наследник на Центарот за поддршка на НВО – Штип. Фондацијата за развој на локалната заедница – Штип е прва фондација за заедницата во Република Македонија.

### Визија

Фондацијата за развој на локалната заедница е водечка организација, тимски ориентирана со зајакнати човечки капацитети, финансиски стабилна, национално препознатлива и етаблирана како значаен партнер на меѓународни проекти.

### Мисија

Ефективно учество на граѓаните во креирање на јавни политки и нивна доследна имплементација.

### Стратешки цели

– Засилена демократизација на Република Македонија и развој и консолидација на граѓанското општество;

– Зајакнато учество  на младите луѓе во општеството;

– Подобрен локален економски развој;

– Подобрување на локалните политики и засилување на децентрализацијата, преку активно учество на граѓаните;

*Годишната програма на Фондацијата за развој на локалната заедница – Штип е поддржана од CIVICA Mobilitas*

Фондација за развој на локалната заедница – Штип
ул. „Ванчо Прќе“ бр. 67/1
Тел./факс: +389 32 383116
E-mail: info@frlz.org.mk
www.frlz.org.mk

Во 2017 година, Фондацијата за развој на локалната заедница – Штип ги спроведуваше следните проекти и активности:

## Силни граѓански организации за позитивни социјални промени

**Партнери во проектот:** Институтот за развој на заедницата – Тетово и Центар за одржлив развој „АЛКА“ – Скопје;

**Период на имплементација:** 30 месеци;

**Цел:** Зголемување на влијанието на локалните граѓански организации во процесите на донесување на одлуки, со крајна цел за обезбедување на позитивни социјални промени;

*Специфични цели:*

- Креирање транспарентни и отчетни процедури од ЛС за финансирање на ГО од буџетите и ситмулирање реплицикација на истите меѓу ЛС;
- Градење на капацитетите на ГО за: транспарентност и отчетност, учество во процесите за донесување одлуки, лобирање и застапување, истражување, собирање и обработка на податоци, социјални медиуми, вмрежување и градење на коалиции;
- Зајакнување на финансиските и инситуционалните капацитети на локалните ГО за зајакнување на поврзаноста со конституентите;
- Зајакнување на ефикасноста од вклучувањето на ГО во донесување на јавните политики;

**Целна група:** Целна група на проектот се локални граѓански организации од Македонија, 16 локални самоуправи, а како крајни корисници се сите граѓани на Република Македонија;

**Активности:**

1. Развивање на методологија за распределба на средства до ГО од општинските буџети
   1.1 Избор на локални самоуправи;
   1.2 Подготовка на методологија;
   1.3 Усвојување на методологии (лобирање и застапување) ;
   1.4 Регионални настани за споделување добри практики;
2. Јакнење на капацитетите на локалните ГО
   2.1 Компаративна анализа;
   2.2 Проценка на потребите за обуки за локалните ГО;
   2.3 Менторирање;
   2.4 Развивање на план за обуки и материјали за обуки;
   2.5 Испорака на обуки;
   2.6 Финансиска поддршка до ГО;

*Годишната програма на Фондацијата за развој на локалната заедница – Штип е поддржана од CIVICA Mobilitas*

Фондација за развој на локалната заедница – Штип
ул. „Ванчо Прќе“ бр. 67/1
Тел./факс: +389 32 383116
E-mail: info@frlz.org.mk
www.frlz.org.mk

3. Промоција
   3.1 Завршна конференција;
   3.2 Медиумска покриеност;
   3.3 Подготовка и дистрибуција на промотивни материјали;

**Вкупен буџет:** 304.082,75 ЕУР

*Проектот „Силни граѓански организации за позитивни социјални промени“ е финансиски поддржан од Европската Унија, преку IPA – Civil Society Facility and Media Programme 2015*

- **Зајакнување на партиципативната демократија**

**Партнери во проектот:** Агенција за локален развој – Струга и Центар за одржлив развој на заедницата – Дебар;

**Период на имплементација:** 19 месеци;

**Цел:** Придонес за институционализација на одржливи механизми за консултирање на граѓаните во процесите на креирање политики на локално ниво;
*Специфични цели:*

- Да се направи анализа на тековните практики и механизми за консултирање на граѓаните во процесот на креирање на јавни политики на локално ниво и нивната ефикасност;
- Да се поттикне дискусија помеѓу сите засегнати страни на локално ниво (локалната самоуправа, граѓански организации, бизнис – сектор);
- Да се стимулира споделување и пресликување на добри практики во однос на механизмите за консултирање на граѓаните помеѓу единиците на локалната самоуправа;
- Да се лобира кај едениците на локалната самоуправа за институционализација на предложените механизми за консултација на граѓаните;

**Целна група:** Граѓански организации од Р. Македонија, сите општини, вклучувајќи го и град Скопје, ЗЕЛС, Министерство за локална самоуправа и граѓани на Р.Македонија;

**Активности:**

1. Анализа на тековните практики на консултирање на граѓаните во процесот на донесување јавни политики на локално ниво и нивната ефикасност;
2. Регионални дебати;



Фондација за развој на локалната заедница – Штип
ул. „Ванчо Прќе“ бр. 67/1
Тел./факс: +389 32 383116
E-mail: info@frlz.org.mk
www.frlz.org.mk

3. Работни групи за креирање на препораки за воспоставување на механизми за консултации помеѓу граѓаните и ЕЛС;
4. Документ за јавна политика;
5. Лобирање и застапување пред релевантните институции за прифаќање и спроведување на препораките;
6. Завршна конференција;

**Вкупен буџет:** 91.027,59 ЕУР

*Проектот „Зајакнување на партиципативната демократија" е финансиски поддржан од Европската Унија, преку Програмата за демократија и човекови права (EIDHR);*

- **Обучи се, добиј поддршка, вработи се!**

**Партнери во проектот:** Rodopi Chamber of Commerce and Industry – Greece, Agency for Economic Development Kostinbrod – Bulgaria, Textile trade association – Textile cluster – Stip, Macedonia;

**Период на имлементација**: 20 месеци;

**Цел:** Интегрирање на жени од етничките малцинства на пазарот на труд;
*Специфични цели:*

- Да се спроведат стручни обуки;
- Да се спроведе индивидуално советување;
- Да се создадат услови за одржливо вработување;

**Целна група:** Работноспособни жени од етничките малцинства во Р. Македонија кои ги немаат неопходните вештини за вработување во географскиот регион во којшто живеат;

**Активности:**

1. Испитување на состојбата со невработеност на жени од етничките малцинства (Limited in scope study);
2. Критериуми за селекција на жени - учесници како крајни корисници;
3. Тренинг за тренери;
4. Теоретски и практични обуки за крајните корисници;
5. Индивидуални советувања за секој од крајните корисници, прилагодени на нивните индивидуални потреби;
6. Инфо денови за вмрежување на крајните корисници со потенцијалните работодавачи;

*Годишната програма на Фондацијата за развој на локалната заедница – Штип е поддржана од CIVICA Mobilitas*

Фондација за развој на локалната заедница – Штип
ул. „Ванчо Прќе" бр. 67/1
Тел./факс: +389 32 383116
E-mail: info@frlz.org.mk
www.frlz.org.mk

7. Активности за подигање на јавната свест и промоција на резултатите, преку прес-конференции, комуникации со медиуми и печатени материјали;

**Вкупен буџет:** 83.638,45 ЕУР

*Проектот „Обучи се, добиј поддршка, вработи се!“ е финансиски поддржан од Европската Унија, преку Министерството за финансии на РМ, Сектор за централно финансирање и склучување договори (CFCD);*

- **Младински клуб „Актив“**

Младинскиот клуб „Актив“ во рамки на Фондацијата за развој на локалната заедница - Штип континуирано функционира од 2008 година.
Во рамки на младинскиот клуб се оддржуваат неделни предавања за дебата на кои се разработуваат основните дебатни формати и правила на дебатирање.

**Цел:** Зголемување на учеството на младите во процесите на креирање политики на локално ниво преку развој на критичко мислење;

**Целна група:** млади (средношколци и студенти);

**Активности:**
1. Неделни предавања дебата;
2. Организирање и учество на јавни дебати за прашања од општествена важност во заедницата;
3. Организирање на регионален дебатен турнир (Штип – Велес – Неготино – Скопје);
4. Учество на Национална дебатна конференција;

*Проектот е финансиран од средства на Фондацијата за развој на локалната заедница – Штип;*

- **Регионална канцеларија на Национален Младински Совет на Македонија (НМСМ) за Источниот плански регион**

Инфо точка и регионална канцеларија на НМСМ во Источниот плански регион за 2017 година.
**Цел:** Да ги спроведува и промовира активностите и работата на Националниот Младински Совет на Македонија;



Фондација за развој на локалната заедница – Штип
ул. „Ванчо Прќе“ бр. 67/1
Тел./факс: +389 32 383116
E-mail: info@frlz.org.mk
www.frlz.org.mk

**Активности:**
1. Спроведување на консултации за потребите и проблемите на младите;
2. Организација на циклус обуки „Со вештини до можности за младите“;
3. Организација на Локален Младински Форум;
4. Организација на Настан за заложби за младите од страна на кандидатите за градоначници пред локалните избори 2017;
5. Консултации со други младински организации од регионот;
6. Промоција на НМСМ;

*Активностите се финансирани од проектините фондови на Националниот Младински Совет на Македонија;*

- **Регионална канцеларија на Граѓанската асоцијација МОСТ за мониторинг на локалните избори 2017 за општините Штип, Пробиштип и Карбинци**

**Цел:** Да се спроведе мониторинг на локалните избори 2017 во општините Штип, Пробиштип и Карбинци

**Активности:**
1. Организирање на обука за набљудувачи на избирачки места во општините Штип, Пробиштип и Карбинци;
2. Мониторинг на предизборната кампања на кандидатите за градоначалници и советници;
3. Мониторинг на првиот круг на локалните избори 2017;
4. Мониторинг на вториот круг на локалните избори 2017;

*Активностите се финансирани преку Граѓанската Асоцијација МОСТ;*

- Фондацијата за развој на локалната заедница – Штип во текот на 2017 година учествуваше и логистички поддржуваше настани, фокус групи и работилници кои се организираа во Штип, од страна на други граѓански организации и донатори.

*Годишната програма на Фондацијата за развој на локалната заедница – Штип е поддржана од CIVICA Mobilitas*

Фондација за развој на локалната заедница – Штип
ул. „Ванчо Прќе“ бр. 67/1
Тел./факс: +389 32 383116
E-mail: info@frlz.org.mk
www.frlz.org.mk